Друштво за производство на индустриски гасови
ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО
Бр. 03-928/1
28.02.2024 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна здравствена установа Специјализирана болница за гинекологија и акушерство "МАЈКА ТЕРЕЗА"
Institucioni publik shëndetësorë Spitali i specializuar për gjinekologji dhe obstetrikë "NËNA TEREZË"
Бр.-Nr. 05-90/7
28.02.2024 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ДОГОВОР

Склучен во Скопје на ден 28.02.2024 година помеѓу следните:

Mother Tereza Hospital - Gynecology Clinic

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА-СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БОЛНИЦА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО МАЈКА ТЕРЕЗА Скопје,** ул. Коста Абрашевиќ бр.3 Скопје, со жиро сметка 100 000000066005, сметка на буџетски корисник: 660250004353183, Приходна шифра:72593900, Банка:НБРМ, даночен бр.4030005578958, застапувана од Директорот Doc.D-r Bashkim Ismaili (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) од една страна и

**2. ТГС Технички гасови ДОО Скопје, ул:Ацо Шопов бр.80 Скопје,** застапуван од **одговорно лице -Александар Чадиковски,** во понатамошниот текст: **Носител на набавката**,од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

**Предмет на овој Договор е набавка на Медицински гасови,по спроведена поедноставена отворена постапка, со објава на Оглас Бр. 01954/24 ,за потребите** на ЈЗУ Специјализирана болница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза- Скопје, според вид и количина како во тендерската документација и прифатена понуда која се смета за составен дел на овој Договор, според Одлука **бр.05-90/5 од 26.02.2024 година со следниве единечни цени:**

| Опис | ед. Мерка | Вкупно килограми | Ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| Медицински Кислород (О2) компримиран со чистота минимум 99,5% во челични боци со волумен до 50 литри. | кгр | 5.550 | 255,00<br>4,15 euro |
| Медицински Јагленород двооксид (ЦО2) компримиран со чистота минимум 99,5% во челични боци со волумен од 10 до 40 литри. | кгр | 42 | 71,00 |
| Медицински Азотен оксидул (Н2О) компримиран со чистота минимум 98,00% во челични боци со волумен од 10 до 40 литри. | кгр | 225 | 1.200,00 |

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ:

**Член 2**

Јазик на Договорот и другите документи кои претставуваат составен дел на овој Договор е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

**Вредноста на овој Договор изнесува 1.688.232,00 денари без ДДВ и вкупен износ со ДДВ- 1.992.113,76 денари.**

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Плаќањето** на средствата од член 1 на овој Договор **го врши Болницата- 60 дена по извршена испорака и фактурирање.** Носителот на набавката се обврзува фактурата даму ја испрати на Договорниот орган,по извршување на порачката-предметот на набавката,комплетирана со испратница потпишана од одговорниот во Болницата.

## VI. НАЧИН НА ИСПОРАКА И ГАРАНЦИЈА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува испораката,предмет на овој Договор да ја реализира веднаш по писмена нарачка од страна на лице надлежно во болницата по конечноста на одлуката за извршен избор и потпишување договор.
Набавката ќе биде сукцесивна према потребите на Договорниот орган.Договорниот орган нема обврска да ја подигне целокупната количина на набавката утврдена во овој договор.
Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот веднаш по нарачка ,а максимум во рок од 1 ден по доставена нарачка.
Кога носителот на набавката не ги испорачува стоките во дадениот рок,договорот ќе биде раскинат и ќе се склучи договор со второизбраниот понудувач.

**Член 6**

Испораката на предметот на набавката се смета за извршена со потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорните страни се согласни во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши испораката во рокот определен во член 5 од овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган надомест на штета и договорна казна-пенали.
Договорната казна се определува во висина на 0,5% од вредноста на Договорот определена во член 2, за секој ден на доцнење.
Договорната казна не може да надмине 5% од вредноста на Договорот.
Во случај на неиспорака, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителотот на набавката за извршување на предметот на набавката, во дополнително оставениот рок од 3 дена да го раскине Договорот со проста изјава и да склучи Договор со второрангираниот понудувач или друг добавувач при што евентуалната разлика во цена и останатите трошоци паѓаат на товар на Носителот на набавката-потписник на овој договор.
Во случај на став 4 на овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Набавувачот. **Носителот на набавката е должен да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот и истата да му ја достави на Договорниот орган заедно со потпишувањето на Договорот.**

## VIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 8**

Квантитативен прием на предметот на набавката врши Договорниот орган, со документ(испратница) потпишана од двете договорни страни.
Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција и после ставање во употреба.
Доколку настане отстапување од квалитетот, Договорниот орган го задржува правото да го раскине Договорот и да избере и да склучи договор со друг понудувач како и да наплати надомест на штета во висина на разликата на цената на понудата на второрангираниот односно избраниот понудувач.
Отстпувањето од утврдениот квалитет ќе го констатира комисија формирана од двете договорни страни.

## IX.КВАЛИТЕТ

**Член 9**

Квалитетот на предметот на набавката од точка 1 на овој Договор треба да биде во согласност со **прифатената понуда на понудувачот.**
Квалитетот го гарантира Носителот на набавката во рамки на утврдените стандарди од производителот, стандардите во Р.Македонија и меѓународните стандарди прифатени во Р.Македонија.
Средствата од чл.1 на овој Договор Носителот на набавката се обврзува да го испорача во оригинална амбалажа на производителот,со декларација.
Носителот на набавката гарантира дека стоката која е предмет на набавката има рок на употреба не пократок од 12 месеци од денот на сукцесивната набавка.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 10**

Материјален недостаток постои:
- ако средството ги нема потребните својства за негова редовна употреба;
- ако средството ги нема потребните својства за особената употреба за која ги набавува Договорниот орган, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;
- ако средството ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани и
- кога добавувачот испорачал средство кое не е соодветно на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 11**

Договорниот орган е должен примениот предмет на набавката на вообичаен начин да ги прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци веднаш да го извести Носителот на набавката.
Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката.

**Член 12**

Кога по приемот на предметот на набавката од страна на договорниот орган ќе се покаже дека извршената работа има некој недостаток што неможел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето(скриен недостаток),Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од 3 (три)дена,сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

**Член 13**

Во известувањето за недостатокот на предметот на набавката, договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да го прегледа предметот на набавката.
Ако известувањето за недостатокот кое набавувачот навремено го испратил до добавувачот со препорачано писмо,телеграма или на некој друг сигурен начин,задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката,се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

**Член 14**

Договорниот орган кој навреме и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот односно дефектот може:
-да бара од носителот на набавката испорака на нов дел од набавката.

## XI.ГАРАНТЕН ПЕРИОД

**Член 15**

Периодот за кој се гарантира квалитетот на испорачаниот предмет на набавка изнесува најмалку 12 месеци,од денот на извршената испорака на предметот на набавката.

**Член 16**

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период без надоместок ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаниот предмет на набавка кои настанале при негово нормално користење.

## XII **ВИША СИЛА**

**Член 17**

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток,повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна,во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

**XIII.ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

**Член 18**

Носителот на набавката е должен на договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметот на набавката согласно Законот за облигациони односи, Законот за заштита на потрошувачи и одредбите на овој Договор.

**XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 19**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор,договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 дена,спорот ќе се решава пред надлежен суд во Скопје.

**XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 20**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат. Договорот ќе се смета за раскинат по истекот на 5 дена од доставувањето на Известувањето за раскинување на договорот.

**XVI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 21**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 22**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Р.С.М.

**XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 23**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни. Договорот се склучува за период од 12 месеци од денот на потпишување на Договорот или до исполнување на количините.
Измени и дополни на овој Договор можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат согласно Законот за јавни набавки.

**Член 24**

Овој Договор е склучен во 4 четири) истоветни примероци, од кои 2(два) се за Носителот на набавката а 2(два) за Договорниот орган.

**Носител на набавката,**
**ТГС Технички гасови**
**Одговорно лице**

**Александар Чадиковски**

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**ЈЗУ СБГА Мајка Тереза- Скопје**
**Директор,**
**Drejtor,**
**Doc.D-r.Bashkim Ismaili**